# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Во Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), во насловот иво целиот текст на законот, зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 2**

По членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

„Член 1-а

(1) Законот има родово сензитивен пристап и еднаква применливост кај жените и мажите на служба во Армијата.

(2) Сите поими употребени во законот во машки род подразбираат исти поими во женски род.“

**Член 3**

Во член 2 ставот (2) се менува и гласи:

„Како служба во Армијата се смета и вршење должности во Министерството за одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, учество на вежби, обука, хуманитарни операции, меѓународни операции, во мисии и операции на Организацијата на Северноатлантскиот договор (во натамошниот текст: во НАТО мисии и операции) и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и вршење на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.“

**Член 4**

Во член 3 став 1, точката в) се менува и гласи:

„в) припадници на резервните сили поставени на должност согласно актот за формација на Армијата, и тоа:

- припадници на активната резерва и
- припадници на општата резерва.“

**Член 5**

Во целиот текст на законот, зборовите: „активниот резервен персонал“ се заменуваат со зборовите: „активната резерва“, а зборовите: „активен резервен персонал“ се заменуваат со зборовите: „активна резерва“.

**Член 6**

Во член 7 во ставот (2), зборот „службен“ се брише.

**Член 7**

Во член 11 ставот (2) се менува и гласи:

„Воениот и цивилниот персонал има и посебни исправи предвидени со Женевските конвенции во случај на воена состојба и учество на вежби, обука, хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции во примена на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и вршење на

должности во командните структури на НАТО и команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство.“

**Член 8**

Во член 13 став (1) во алинејата 1, зборовите „воени претставништва и други мисии и тела“ се заменуваат со зборовите „командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката,“.

**Член 9**

По членот 13 се додава нов член 13 - а, кој гласи:

„Член 13 - а

(1) Надлежните лица за донесување наредби од член 13 од овој закон, се должни да водат сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.
(2) Надлежните лица за донесување на наредби од членот 13 од овој закон, ќе ја имплементираат родовата перспектива.“

**Член 10**

Член 22 се менува и гласи:
„(1) На воениот и цивилниот персонал Министерството за одбрана му ги надоместува трошоците направени при користење на здравствени услуги во јавните здравствени установи и се ослободува од плаќање на лекови кои се наоѓаат на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на кој министерот за здравство дава согласност.
(2) За лицата упатени на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство, во земји со кои Фондот за здравствено осигурување на Републиката нема склучено договор за здравствена заштита, Министерството за одбрана склучува договор со осигурителна компанија од Републиката или од државата каде е упатен, за право на користење на здравствени услуги во странство за лицата упатени на должност и за членовите на нивните семејства.
(3) Надоместокот на трошоците од ставот (1) на овој член подразбира обезбедување на основни здравствени услуги опфатени со задолжително здравствено осигурување на осигурените лица во примарната, специјалистико-консултативна и болничката здравствена заштита, во согласност со закон.
(4) Надоместокот на трошоците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, на воениот и цивилниот персонал се врши по претходно приложената уредна документација за направените трошоци, издадена од јавна здравствена установа.“

**Член 11**

Во членот 24 зборовите „во вежбовни активности и обука, хуманитарни операции или мировни операции“ се заменуваат со зборовите „на вежби, обука и во хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции“.

**Член 12**

По членот 29, насловот на Глава III се менува и гласи:
„III. ПРИЕМ НА АКТИВЕН ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА И ИЗБОР И ПОПОЛНА СО ПЕРСОНАЛ НА АКТИВНАТА РЕЗЕРВА“.

**Член 13**

Во членот 30-а, зборовите „или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија“, се заменуваат со зборовите „и меѓународни операции, НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност и команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Република Северна Македонија.“

**Член 14**

По членот 30-а се додава нов член 30-б, кој гласи:

„Член 30-б

(1) Министерството за одбрана може да стипендира лица за критични специјалности, заради поставување на должност во Армијата, согласно актот на формација.

(2) Условот за стипендирање на лице за критични специјалности е лицето да има завршено средно образование со одличен успех, да биде запишано на факултет од областа на критичните специјалности и да ги исполнува општите услови од членот 31 од овој закон.

(3) Стипендираното лице има обврска да остане во работен однос со Министерството за одбрана во времетраење најмалку двојно повеќе од времето за кое добивало стипендија.

(4) Работен однос со Министерството за одбрана и на служба во Армијата, со лицата од став (1) на овој член, може да се заснова без јавен оглас, согласно договор за права и обврски за стипендирање.

(5) Начинот на стипендирање го пропишува министерот за одбрана.“

**Член 15**

Во член 32 во ставот (1), алинејата (1) се менува и гласи:

„ - да има завршено Воена академија или да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС и завршено стручно оспособување и усовршување за офицер.“

Алинејата (2) се брише.

Во ставот (2), зборовите „алинеја 2“ се заменуваат со зборовите „алинеја 1“.

**Член 16**

Во член 33, став (1), во алинејата 4, точката се заменува со сврзник „и“.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- да не е постар од 40 години.“

**Член 17**

Во член 34 став 1 во алинејата 7, зборовите „33 години“ се заменуваат со зборовите „40 години“.

**Член 18**

Членот 36 се менува и гласи:

„(1) За професионален војник на служба во Армијата по пат на јавен оглас се прима лице кое покрај општите услови од член 31 одовој закон, ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено средно образование и
- да не е постар од 25 години на денот на завршување на рокот за пријавување на огласот за прием на професионални војници.

(2) Со лицето од став (1) на овој член, Министерството за одбрана склучува договор за работа во траење од три месеци, во кој период влегува основна војничка обука, а по чие успешно завршување со лицето се склучува договор за работа од четири години.

(3) За времетраење на основната војничка обука, лицето кое е примено како професионален војник на служба во Армијата ги остварува сите права и обврски од работен однос согласно овој закон.“

**Член 19**

Во член 40 во ставот (2) зборот„три“ се заменува со зборот „четири”.

**Член 20**

Во член 42 во алинејата 2 по зборот „Армијата“ се додава зборот„војник”.
Во алинејата 4 по зборот „водник,“ се додаваат зборовите „водник I класа,“.
Во алинејата (5) зборовите „на Армија“ се бришат.

**Член 21**

Во член 43 во ставот (2) по зборовите „45 години возраст,“ се додаваат зборовите „може да“.
Во ставот (3) зборовите „мировни операции“, се заменуваат со зборовите „меѓународни операции“.

**Член 22**

Во член 51-а ставот (1) се менува и гласи:
„Активниот воен персонал упатен на должност во органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, обука, хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции, командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, како и на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација за потребите на службата подолго од шест месеци во годината во која се оценува, се оценува од надлежен старешина или раководен службеник каде што ја извршувал должноста.“

**Член 23**

Во член 52 во ставот (3) зборовите „бројчано со ознака од еден до пет“ се бришат.

**Член 24**

Во член 53 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Со степен на оценка „особено се истакнува“ можат да бидат оценети само 25% од вкупниот број на персонал по категории на служба во Армијата, таму каде што тоа е применливо, односно бројот на оценувани не е помал од четворица.“

**Член 25**

Членот 57 се менува и гласи:
„(1) Цивилниот персонал на служба во Армијата се оценува на секои 12 месеци по истекот на календарската година.
(2) Оценувањето на цивилниот персонал се врши врз основа на податоците кои се однесуваат на следните критериуми:

- стручното знаење,
- професионалната ефикасност и
- резултатите од работата.

(3) Оценувањето на цивилниот персонал го врши непосредно претпоставениот.
(4) Податоците се оценуваат поединечно и описно, со следните степени: “особено се истакнува”, “се истакнува”, “добар”, “задоволува” и “не задоволува”.
(5) Цивилниот персонал кој не е задоволен со оцената, во рок од 15 дена од денот кога му е соопштена истата, може да поднесе жалба до непосредно претпоставениот старешина на старешината кој го извршил оценувањето.
(6) Оцената по жалбата е конечна.“

**Член 26**

Членот 60 се менува и гласи:

„(1) Активниот воен персонал може да се унапреди во непосредно повисок чин според потребите на службата, врз основа на оценувањето на резултатите на нивната работа за периодот сметано од нивното последно унапредување, покажана способност за вршење должност во повисок чин и да е поставен на формациско место со непосредно повисок чин.

(2) Покрај условите од став (1) на овој член, за офицерите кои се унапредуваат во чин мајор и повисоко, задолжително е познавање на најмалку еден од службените јазиците во употреба во НАТО, ниво 2.2.2.2. по STANAG 6001“.

**Член 27**

Членот 61 се менува и гласи:

„(1) Офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин, ако во чинот што го има поминал најмалку:

- во чин потпоручник...........................................................две години
- во чин поручник..................................................................четири години
- во чин капетан.......................................................................шест години
- во чин мајор............................................................................пет години
- во чин потполковник.........................................................пет години
- во чин полковник................................................................четири години
- во генералските чинови...................................................три години.

(2) Офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин една година порано од времето утврденово став (1) на овој член, само ако:

- три пати последователно е оценет со степен „особено се истакнува”, по сите критериуми од член 52 став (1) од овој закон;
- извршува командна или раководна должност;
- постигнува исклучителни резултати во командувањето или раководењето и
- е предлог на два кадровски совети на ниво бригада или повисоко.“

**Член 28**

Членот 63 се менува и гласи:

„Во чин бригаден генерал може да биде унапреден полковник кој ги исполнува условите од член 61 од овој закон и кој има завршено школа за национална одбрана.“

**Член 29**

Членот 65 се менува и гласи:

„(1) Подофицер може да се унапреди во непосредно повисок чин ако во чинот што го има поминал најмалку:

- во чин водник.......................................................................три години
- во чин водник Iкласа.......................................................четири години
- во чин постар водник.......................................................четири години
- во чин постар водник I класа .....................................четири години
- во чин наредник..................................................................четири години.“

**Член 30**

Во член 71 во ставот (1) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- во чин водник I класа.........пет години,“.

**Член 31**

Во член 74 во ставот (1) по зборот „ специјалност“ се става запирка и се додаваат зборовите „проекцијата на кариера“.

**Член 32**

Во член 82, ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Активниот воен и цивилен персонал упатен на стручно оспособување и усовршување се разрешува од должноста ако стручното оспособување и усовршување трае подолго од шест месеци.“

**Член 33**

Членот 88 се менува и гласи:

„(1) Во случај кога активниот воен и цивилен персонал е упатен на работа во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, на стручно усовршување или образование во странство за потребите на Министерството за одбрана и Армијата, е должен во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство, односно стручното усовршување или образование, да се врати на работа.

(2) Активниот воен и цивилен персонал од став (1) на овој член, во рок од 30 дена од денот на враќањето се распоредува на работно место, односно се поставува на формациско место согласно неговиот степен на стручна подготовка и чин.

(3) Подготовките за распоредувањето од став (2) на овој член, почнуваат 60 дена пред крајот на мандатот или завршувањето на стручното усовршување или образование.“

**Член 34**

Членот 90 се брише.

**Член 35**

Во член 92 ставот (5) се менува и гласи:

„Работното време може да трае подолго од 40 часа во работната недела во следните случаи:

1) во случај на наредени мерки за зголемена борбена готовност;
2) во случај на потреба од дополнително ангажирање на одредени воени единици заради одржување на борбената готовност;
3) за време на упатување во хуманитарни операции, меѓународни операции и НАТО мисии и операции;
4) во случај на тревога во воените единици;
5) за време на воена вежба;
6) во случај кога Армијата учествува во отстранување последици од воена состојба;
7) за време на дежурство, стражарска должност и други должности во воени единици;
8) во услови кога се бара продолжување на започнатата работа чие запирање или прекинување би имало штетни последици за борбената готовност на воената единица, за извршување вонредни задачи или поради одредени состојби во единицата.

Ставот (6) се менува и гласи:

„Во случаите од став (5) на овој член, воениот и цивилниот персонал е должен да работи подолго од полното работно време.“

Ставот (7) се менува и гласи:

„Наредба за работа подолга од полното работно време во случаите од став (5) точките 1) и 2) на овој член, донесува министерот за одбрана, а во случаите од став (5) точките 3), 4), 5), 6), 7) и 8) на овој член, наредба донесува командантот на бригада и нему рамен или повисок воен старешина.“

**Член 36**

Членот 95 се менува и гласи:

„(1) Војниците за време на доброволно служење на воениот рок, професионалниот војник од член 36 став (2) од овој закон, лицата на стручно оспособување и усовршување за офицери, односно подофицери и активниот резервен персонал се должни да извршуваат воени и други должности во воените единици во согласност со распоредот за животот и работата во воената единица, пропишан од началникот на Генералштабот на Армијата или од него овластено лице.

(2) На професионалниот војник од членот 36 став (2) од овој закон, за време на изведување на основната војничка обука не му следува дневница.“

**Член 37**

Во членот 100 зборовите „мировни операции надвор од територијата на Републиката“, се заменуваат со зборовите „хуманитарни операции, меѓународни операции, НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност.”

**Член 38**

Членот 109 се менува и гласи:

„На активен воен и цивилен персонал кој го придружува брачниот другар упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, во команди и штабови на меѓународни организации во странство, на стручно усовршување или образование подолго од 90 дена, на негово барање му мируваат правата и обврските од работен однос и има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на упатувањето на неговиот брачен другар во странство да се врати на служба во Министерството за одбрана односно Армијата, на должност според неговиот чин, односно работно место.“

**Член 39**

Во член 110 во ставот (1) по зборот „рок“ се додаваат зборовите „и професионален војник на основна војничка обука“.

**Член 40**

Во член 120 во ставот (2) по зборот „ исплата”, се додава зборот „само”.

**Член 41**

По членот 147 се додава нов член 147-а, кој гласи:

„Член 147-а

Активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата остварува право на стаж на осигурување со зголемено траење, согласно закон.“

**Член 42**

Во член 149, во ставот (1) табелата се менува и гласи:

| Чин | Бодови по чин |
|---|---|
| Генерал | 855 |
| Генерал потполковник | 795 |
| Генерал мајор | 735 |
| Бригаден генерал | 675 |
| Полковник | 605 |
| Потполковник | 565 |
| Мајор | 525 |
| Капетан | 495 |
| Поручник | 465 |
| Потпоручник | 455 |
| Главен наредник | 445 |
| Наредник | 440 |
| Постар водник I. Класа | 430 |
| Постар водник | 423 |
| Водник I. Класа | 410 |
| Водник | 399 |
| Професионален војник | 397 |

“

**Член 43**

Во член 150, во ставот (1) табелата се менува и гласи:

„

| Чин | Бодовна група | Бодови за должност |
|---|---|---|
| Генерал | 1 | 520 |
| Генерал потполковник | 2 | 480 |
| Генерал мајор | 3 | 450 |
| Бригаден генерал | 4 | 430 |
| Полковник | 5 | 350 |
| | 6 | 300 |
| Потполковник | 7 | 260 |

| | | |
|---|---|---|
| | 8 | 210 |
| Мајор | 9 | 190 |
| | 10 | 165 |
| Капетан | 11 | 155 |
| | 12 | 140 |
| Поручник | 13 | 130 |
| Потпоручник | 14 | 125 |
| Главен наредник | 15 | 115 |
| Наредник | 16 | 110 |
| Постар водник I класа | 17 | 105 |
| Постар водник | 18 | 104 |
| Водник I класа | 19 | 103 |
| Водник | 20 | 101 |
| Професионален војник | 21 | 100 |

"

**Член 44**

Во член 156 во ставот (1) точката 4) се менува и гласи:

„- за докторат на науки согласно потребите на Армијата или школа за национална одбрана ..............................................................................100 бода."

**Член 45**

Во член 173, табелата се менува и гласи:

"

| Група | Образование | Бодови |
|---|---|---|
| I | Високо / 240 ЕКТС | 300 |
| II | Вишо / 180 ЕКТС | 230 |
| III | Средно | 190 |
| IV | Основно | 155 |

"

**Член 46**

Во членот 174, во ставот (1) табелата се менува и гласи:

"

| Степен на образование | Бодовна група | Бодови за должност |
|---|---|---|
| Високо / 240 ЕКТС | I | 530 |
| | II | 440 |
| | III | 380 |
| | IV | 360 |
| Вишо / 180 ЕКТС | V | 310 |
| | VI | 290 |
| Средно | VII | 270 |
| | VIII | 250 |
| | IX | 240 |
| | X | 220 |
| Основно | XI | 170 |

"

**Член 47**

По членот 187 се додава нов член 187 - а кој гласи:

„Член 187 - а

Воениот персонал на стручно оспособување и усовршување за офицер има право на паричен надомест во износ од последната просечна нето плата на ниво на Републиката."

**Член 48**

Во член 188 во ставот (2) зборовите „државните службеници", се заменуваат со зборовите "административните државни службеници".

**Член 49**

Членот 192 се менува и гласи:

„(1) Активен воен и цивилен персонал кој има засновано работен однос на неопределено време во Армијата, му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување.

(2) Активен воен персонал кој има засновано работен однос на определено време во Армијата, правото од став (1) на овој член, може да го оствари по навршување на четири години служба во Армијата.

(3) Висината на надоместок на трошоци за станбено обезбедување е во висина на трошоците за одвоен живот.

(4) По исклучок на став (1) наовој член, лицата кои веќе имаат обезбедено станбено прашање со станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, не остваруваат право на надоместок на трошоци за станбено обезбедување.

(5) Надоместокот на трошоци за одвоен живот и надоместокот на трошоци за станбено обезбедување меѓусебно се исклучуваат."

**Член 50**

Членовите 193, 194, 195, 196, 196-а, 197, 197-а, 197-б, 197-в, 197-г, 197-д, 197-ѓ, 198 и 198-а се бришат.

**Член 51**

Во членот 199 ставот (1) се менува и гласи:

„Воени претставници на Република Северна Македонија во странство се: одбранбени аташеа, воени аташеа и воени и цивилни лица на служба во Армијата упатени на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, согласно актот за систематизација на Министерството за одбрана и актот за формација на Армијата."

Ставот (3) се менува и гласи:

„Воените претставници од ставот (1) на овој член со решение ги упатува министерот за одбрана."

**Член 52**

Членот 200 се менува и гласи:

„(1) На воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, придонесите се пресметуваат и уплатуваат врз основа на платата утврдена на денот на упатувањето.

(2) Воениот и цивилниот персонал од став (1) на овој член има право на плата, која се пресметува и исплатува во висина на последната утврдена плата пред упатувањето и право на надоместок за учество во мисиите и операциите од став (1) на овој член .

(3) Висината на надоместокот од став (2) на овој член, ја утврдува министерот за одбрана."

**Член 53**

Во член 201 во ставот (1) зборовите „мировни операции надвор од територијата на Републиката“, се заменуваат со зборовите „хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност.“

**Член 54**

Членот 201-а се менува и гласи:

„Воениот и цивилен персонал кој учествува во меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, кои траат шест месеци или подолго, по враќањето има право на отсуство од работа со надомест на плата, во траење од десет работни дена.“

**Член 55**

По членот 201-а, насловот на Глава XVI се менува и гласи:

„XVI. ЗДРАВСТВЕНА И ФИЗИЧКА СПОСОБНОСТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА“.

**Член 56**

Во член 203 во ставот (1) по зборот „воениот“ се додаваат зборовите „и цивилниот“.

По ставот (3) се додаваат четири нови ставови (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

“(4) Против наодот, оценката и мислењето на военолекарската комисија може да се поднесе жалба во рок од три дена од денот на известување за наодот, оценката и мислењето, до Второстепената военолекарска комисија која ја формира Владата на Република Северна Македонија.

(5) Второстепената военолекарска комисија се состои од претседател, шест членови и нивни заменици кои се избираат за период од четири години. Претседателот, членовите и замениците се избираат од составот на терциерното здравство.

(6) Начинот на работа на Второстепената военолекарска комисија од ставот (4) на овој член, го уредува Владата на Република Северна Македонија.

(7) Одлуката на комисијата од ставот (4) на овој член,е конечна.”

**Член 57**

Членот 204 се менува и гласи:

„(1) Проверката на физичката способностна лицата на должност во Армијата, ја спроведуваат комисии во командите и единиците на Армијата во ранг на баталјон и повисоко, формирани од командантот на единицата.

(2) Проверката на физичката способност за активниот воен персонал на должност во Министерството за одбрана и за прием на воен персонал на служба во Армијата, како и за надзор над работата на комисиите од ставот (1) на овој член, ја врши комисија формирана од министерот за одбрана.

(3) Начинот на работа на комисиите од ставовите (1) и (2) на овој член, го пропишува министерот за одбрана.”

**Член 58**

Во член 218 во став (1) се додава алинеа 6) која гласи:

„6) ако настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството за одбрана кои предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, при што во рок од 60 дена нема можност активниот воен и цивилен персонал да биде поставен на друго формациско, односно

работно место, го одбие понуденото поставување или не ги исполнува условите за унапредување во кариера.“
Алинеите 6), 7), 8) и 9) стануваат 7), 8), 9) и 10).

**Член 59**

По членот 218 се додава член 218-а) кој гласи:

„Член 218-а)

(1) На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос по сила на закон со остварување на право на пензија, со навршување на 40 години пензиски стаж и навршени 55 години возраст.
(2) Активниот воен и цивилен персонал кој ги исполнува условите од став (1) на овој член, може со писмена изјава до Министерството да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до пет години по навршување на 40 години пензиски стаж, односно по наполнување на 55 години возраст.
(3) Писмената изјава од ставот (2) на овој член, активниот воен и цивилен персонал ја дава еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година, за продолжување на договорот за работа за наредната година.
(4) Министерството за одбрана во рок од три месеци од поднесувањето на изјавата, а врз основа на потреба на службата, одлучува дали ќе го продолжи договорот за работа.
(5) По исклучок од став (1) на овој член, кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството за одбрана кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, при што во рок од 60 дена нема можност активниот воен и цивилен персонал да биде поставен на друго формациско, односно работно место,на истиот му престанува работниот однос со остварување на право на пензија со навршени 55 години возраст или 36 години пензиски стаж, од кои најмалку 20 години пензиски стаж остварен во Армијата.
(6) Рокот од став (5) на овој член почнува да тече од денот на отпочнување на трансформацијата согласно промените во актот на формацијат на Армијата односно актот за систематизација на Министерството за одбрана, согласно утврдениот динамички план за трансформација.
(7) Пензијата согласно овој член е во висина од 80% од просечната нето плата што активниот воен и цивилен персонал ја остварил во текот на најповолните 10 години од пензискиот стаж.
(8) Средствата за исплата на пензијата од став (7) на овој член, до навршувањена годините на живот за остварување на право на старосна пензија според прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, се обезбедуваат од буџетот на Министерството за одбрана. “

**Член 60**

Во членот 219 во ставот (1) зборовите „точка 9)“ се заменуваат со „точка 10)“.
По став (2) се додаваат ставовите (3) и (4) кои гласат:
„(3) Во случај на престанок на работниот однос од членот 218 став (1) точка 10) на овој закон, барателот е должен да поднесе и писмена изјава со која ќе потврди дека нема неисполнети обврски кон Министерството за одбрана кои произлегуваат од стручно оспособување и усовршување финансирано од страна на Министерството за одбрана и реализирано за потребите на истото.
(4) Доколку постојат неисполнети обврски утврдени со договорот за стручно оспособување и усовршување, барателот е должен да го врати износот во целост на сметка на Министерството за одбрана пред конечноста на решението за престанок на работниот однос.“

**Член 61**

Членот 220 се менува и гласи:

„(1) Во случаи од член 218-а) став (5) на овој закон, Министерството за одбрана е должно на активниот воен и цивилен персонал да му исплати испратнина, односно еднократен надомест во висина на нето плата за секои три години работен стаж во Министерството, чиј износ не може да биде повисок од десет нето плати на работникот.

(2) Основицата за пресметка на испратнината од ставот (1) на овој член, е просечната нето плата на работникот исплатена во последните шест месеци пред отказот.

(3) Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.“

**Член 62**

Членот 221 се брише.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 63**

Одредбите од членовите 49 и 50 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 март 2020 година.

**Член 64**

(1) Прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Подзаконските акти донесени врз основа на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), продолжуваат да се применуваат до донесувањето на прописите од став 1 на овој член.

**Член 65**

Постапките за прием на офицери, подофицери и професионални војници на служба во Армијата и постапките за станбено обезбедување кои се започнати до денот на влегување во сила на овој закон, ќе се спроведат согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19).

**Член 66**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

**Член 67**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со предлог-законот се врши усогласување на законските одредби со можностите и обврските кои ги носи членството во НАТО, како и да обезбеди услови за поефикасна и подобро организирана Армија.

Со членот 1 од предложените изменувања и дополнувања на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, се врши усогласување со Амандманите на Уставот XXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI донесени на седницата на Собранието, од 11 јануари 2019 година., со што во насловот и во целиот текст на законот, зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Со членот 2 во член 1 по ставот 1 се додаваат два нови става (2) и (3), со кои законски се уредува родово сензитивниот пристап на законот.

Со членот 3 се менува ставот (2) на член 2, со што се врши прецизирање и доуредување на тоа што се смета за вршење на служба во Армијата, односно дека како служба во Армијата се смета и вршење должности во Министерството за одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, учество на вежби, обука, хуманитарни операции, меѓународни операции, мисии и операции на НАТО и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и вршење на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.

Со членот 4 од предлогот на законот, се менува точката в) во став (1) на член 3, со што се уредува дека припадници на резервните сили поставени на должност согласно актот за формација на Армијата, се припадниците на активната резерва и припадниците на општата резерва.

Со членот 5 од предложените измени и дополнувања, се врши терминолошко усогласување на поимите во законот, со што во целиот текст на законот, зборовите: „активниот резервен персонал“ се заменуваат со зборовите: „активната резерва“, а зборовите: „активен резервен персонал“ се заменуваат со зборовите: „активна резерва“.

Со членот 6 од предлогот на законот, во членот7 став (2) од законот, зборот „службен“ се брише, со што се предвидува дека лицето кое зборува јазик различен од македонскиот јазик, потпишува заклетва на македонски јазик и неговото писмо, како и на тој јазик и неговото писмо.

Со членот 7 од предлогот, се менува став (2) на членот 11 од законот, со цел прилагодување со новите мисии, операции и должности на кои се упатува воениот и цивилниот персонал во вршењето на службата, уредени во член 3 од овој закон, согласно потребите и барањата на НАТО и стратешките определби на Република Северна Македонија, со кој се пропишува дека воениот и цивилниот персонал имаат и посебни исправи предвидени со Женевските конвенции во случај на воена состојба и учество на вежби, обука и во хуманитарни, меѓународни операции, НАТО мисии и операции, во примена на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност.

Со членот 8 од предложените измени и дополнувања, се врши измена во членот 13 став (1) алинејата 1 од законот, со цел прилагодување со новите операции, мисии и должности на кои се упатува воениот и цивилниот персонал во вршењето на службата, уредени во член 3 од овој закон, согласно потребите и барањата на НАТО и се пропишува дека, наредби за поставување, унапредување, разрешување, преместување, упатување, застапување и други односи во службата, донесува министерот за одбрана или од него овластено лице, за офицерите со чин полковник и за воените старешини поставени на должност во Министерството за одбрана, командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.

Со членот 9 од предлогот, се додава нов член 13 -а, според кој надлежните лица за донесување наредби од член 13 од законот, се должни да водат сметка за соодветна и

правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и ќе ја имплементираат родовата перспектива.

Со членот 10 од предложените измени и дополнувања, се врши дополнување на членот 22 со нов став (2), со кој се уредува дека за лицата упатени на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство, во земји со кои Фондот за здравствено осигурување на Републиката нема склучено договор за здравствена заштита, Министерството за одбрана склучува договор со осигурителна компанија од Републиката или од државата каде е упатен, за право на користење на здравствени услуги во странство за лицата упатени на должност и за членовите на нивните семејства.

Со членот 11 од предлогот, се врши терминолошко усогласување во членот 24 од законот, со новите операциии мисии на кој се упатува активниот воен и цивилен персонал на служба во армијата, утврдени во член 3 од овој закон, односно се пропишува декана активниот воен и цивилен персонал кој учествувана вежби, обука во хуманитарни, меѓународни операции, НАТО мисии и операции надвор од територијата на Републиката и на членовите на нивното потесно семејство, додека се наоѓаат на извршување на овие должности подолго од 30 дена, Министерството за одбрана ги надоместува трошоците направени при користење на здравстени услуги и плаќање на лекови кои се наоѓаат на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на кој министерот за здравство дава согласност.

Со членот 12 од предлогот,се проширува називот на Глава III од законот,со цел следење на опфатот на главата која ја регулира предметната проблематика во назив: „Прием на активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата и избор и пополна со персонал на активната резерва“.

Со членот 13 се врши прилагодување во членот 30-а од законот на новите операции, мисии и должности на кои се упатува воениот и цивилниот персонал во вршењето на службата, уредени во член 3 од овој закон и со истиот се пропишува дека работен однос на определено време со Министерството за одбрана, како цивилен персонал на служба во Армијата може да се заснова без јавен оглас, со спогодба за преземање, заради упатување во хуманитарни имеѓународни операции, НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност и команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.

Со членот 14 од предлогот на законот, се додава нов член 30-б со кој се уредува стипендирањето на лица за критични специјалности заради поставување на должности во Армијата, односно се уредува дека Министерството за одбрана може да стипендира лица за критични специјалности, заради поставување на должност во Армијата, утврдена со актот на формација. Условот за стипендирање на лице за критични специјалности е лицето да има завршено средно образование со одличен успех и да биде запишано на соодветен факултет, како и да ги исполнува општите услови за избор на офицер. Стипендираното лице има обврска да остане во работен однос со Министерството за одбрана во времетраење од најмалку двојно повеќе, пресметано од времето за кое добивало стипендија. Работен однос со Министерството за одбрана и на служба во Армијата, со лицата од овој член, може да се заснова без јавен оглас, согласно договор за права и обврски за стипендирање. Начинот на стипендирање го пропишува министерот за одбрана.

Со членот 15 од предлогот на законот, во членот 32 став (1) алинејата 1 се менува и како посебен услов кој треба да го исполни кандидатот за прием на офицер на служба во Армијата, се предвидува да има завршено Воена академија или да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС и завршено стручно оспособување и усовршување за офицер, по што се врши номо-техничко средување на ставот (1) и (2) од членот 32 од законот.

Со членот 16 од предлогот, во членот 33 став (1)од законот се додава нова алинеја со која се дополнуваат посебните услови за прием на професионален војник за подофицер на служба во Армијата, според кој покрај општите услови утврдени со законот, професионалниот војник треба да го исполни и условот, да не е постар од 40 години.

Со членот 17 од предлогот на законот, во членот 34 став (1) во алинејата 7, зборовите „33 години“ се заменуваат со зборовите „40 години“, со што се пропишува дека ако од професионалните војници нема лице кое ги исполнува посебните услови за прием на подофицер на служба во Армијата, се прима кандидат од цивилниот персонал на служба во Армијатакој покрај посебните услови за приемутврдени во членот 34 од законот, треба да го исполни и условот,наместо досегашните 33 години возраст, да не е постар од 40 години.

Со членот 18 од предложените измени и дополнувања,се врши измена на членот 36 од законот, со што се уредува дека за професионален војник на служба во Армијата по пат на јавен оглас се прима лице кое покрај општите услови од член 31 од законот, ги исполнува и посебните услови: да има завршено средно образование и да не е постар од 25 години на денот на завршување на рокот за пријавување на огласот за прием на професионални војници. Со лицето Министерството за одбрана склучува договор за работа во траење од три месеци во кој период влегува основна војничка обука, а по чие успешно завршување со лицето се склучува договор за работа од четири години.За времетраење на основната обука, лицето кое е примено како професионален војник на служба во Армијата ги остварува сите права и обврски од работен однос согласно одредбите од овој закон.

Со членот 19 од предлогот, во членот 40 став (2) од законот, зборот„три“се заменува со зборот „четири”, со што се уредува продолжување на времетрењето на договорот за работа кој Министерството за одбрана го склучува со професионалните војници, во времетреење од четири години, наместо досегашните три години, со цел да се обезбеди соодветна пополна на командите и единиците на Армијата, согласно потребите за менаџирање со персоналот.

Со членот 20 од предлогот на законот, се врши дополнување на членот 42 од законот, во кој е уредена хиерархијата на чиновите на воениот персонал, со што се воведуваат нови чинови во Армијата и тоа: за професионални војници, питомци на Воената академија и од активниот резервен персонална Армијата, се воведува чин војник; за активниот воен персонал-подофицери и активниот резервен персонал, се воведува чин водник I. класа, а за активниот воен персонал-офицери, чинот Генерал на Армија се менува во чин Генерал.

Со членот 21 од предлогот, се врши дополнување на член 43 став (2) од законот, со што се уредува дека професионалните војници по престанокот на службата во Армијата, заради навршување на 45 години возраст, може да се преведат во активна резерва, доколку се согласни со тоа и се поставуваат на должност согласно со актот за формација на Армијата. Исто така во ставот (3) на член 43 од законот, се врши прилагодување на законот со новите операции и мисии, со што зборовите „мировни операции“, се заменуваат со зборовите „меѓународни операции“.

Со членот 22 од предложените измени и дополнувања, се менува став (1) на член 51-а од законот, со цел прилагодување со новите операции, мисии и должности на кои се упатува воениот и цивилниот персонал во вршењето на службата, уредени во член 3 од овој закон, и се пропишува дека активниот воен персонал упатен на должност во органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, обука, хуманитарни имеѓународни операции, НАТО мисии и операции, командните структури на НАТО,дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, како и на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација за потребите на службата подолго од шест месеци во годината во која се оценува, се оценува од надлежен старешина или раководен службеник каде што ја извршувал должноста.

Со членот 23 од предложените измени и дополнувања, се врши изменување во членот 52 став (3) од законот, со што се уредува дека податоците врз основа на кои се врши оценувањето

на активниот воен персонал, се оценуваат само поединечно и описно со следните степени: „особено се истакнува”, „се истакнува”, „добар”, „задоволува” и „не задоволува, со што оценувањето на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата се усогласува со регулативите на НАТО за оценување.

Со членот 24 од предлогот на законот, во членот 53 од законот се додава нов став (3) со кој се уредува дека со степен на оценка „особено се истакнува“ можат да бидат оценети само 25% од вкупниот број на персонал по категории на служба во Армијата, таму каде што тоа е применливо, односно бројот на оценувани не е помал од 4.

Со членот 25, се врши изменување на членот 57 од законот, со цел оценувањето на цивилниот оперсонал на служба во Армијата, да се усогласи со оценувањето на воениот персонал на служба во Армијата, наместо со оценувањето според прописите за државните службеници како што беше досега. Со предложениот член 25 се уредува дека, цивилниот персонал на служба во Армијата се оценува на секои 12 месеци по истекот на календарската година.Оценувањето на цивилниот персонал се врши врз основа на податоците кои се однесуваат на следните критериуми: стручното знаење, професионалната ефикасност и резултатите од работата. Оценувањето на цивилниот персонал го врши непосредно претпоставениот. Податоците се оценуваат поединечно и описно, со следните степени: „особено се истакнува”, „се истакнува”, „добар”, „задоволува” и „не задоволува“. Цивилниот персонал кој не е задоволен со оцената, во рок од 15 дена од денот кога му е соопштена истата, може да поднесе жалба до непосредно претпоставениот старешина на старешината кој го извршил оценувањето. Оцената по жалбата е конечна.

Со членот 26 од предлогот се врши дополнување на членот 60 од законот, кој се однесува на унапредувањето на активниот воен персонал и според кој, активниот воен персонал може да се унапреди во непосредно повисок чин според потребите на службата, врз основа на оценувањето на резултатите на нивната работа за периодот сметано од последно унапредување, да е поставен на формациско место со непосредно повисок чин ипокажаната способност за вршење на должност во повисок чин. Во предлогот за дополнување на членот 60 од законот, се додава условот да е поставен на формациско место со непосредно повисок чин. Исто така со членот 26, членот 60 од законот се дополнува со нов став (2) според кој покрај условите од ставот (1), за офицерите кои се унапредуваат во чин мајор и повисоко, задолжително е познавање на најмалку еден од службените јазиците во употреба во НАТО, ниво 2.2.2.2. по STANAG 6001, согласно потребите и барањата на НАТО.

Со членот 27 од предложените измени и дополнувања, се менува членот 61 од законот, со што се уредува унапредувањето на офицери во непосредно повисок чин, со што се менуваат годините поминати во претходниот чин.

Со ново предложениот член 27 се уредува дека офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин, ако во чинот што го има поминал најмалку: во чин потпоручник 2 години, во чин поручник 4 години, во чин капетан 6 години, во чин мајор 5 години, во чин потполковник 5 години, во чин полковник 4 години и во генералски чин 3 години. Офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин една година порано од времето пропишано во став (1), само ако три пати последователно е оценет со степен „особено се истакнува”, по сите критериуми од член 52 став (1) од законот; извршува командна или раководна должност; постигнува исклучителни резултати во командувањето или раководењето и е предлог на два кадровски совети на ниво бригада или повисоко. Со овој предлог се обезбедува оптимално водење во кариерата за време на вршење на служба во Армијата.

Со членот 28 од предложените измени и дополнувања се врши изменување на членот 63 од законот, со што се уредува можноста за унапредување на полковник во чин бригаден генерал под условите утврдени во член 61 од законот и условот да има завршено школа за национална одбрана. Имено со предложениот член 28, во чин бригаден генерал може да биде унапреден полковник кој ги исполнува условите од член 61 од овој закон и кој има завршено школа за национална одбрана.

Со членот 29 од предлогот на законот се изменува членот 65 од законот, со кој се уредува можноста за унапредување на подофицер во непосредно повисок чин ако во чинот што го има поминал најмалку: - во чин водник 3 години, во чин водник I класа4 години, во чин постар водник4 години, во чин постар водник I класа 4 години и во чин наредник 4 години. Со предложениот член 29 се уредува условот за унапредување во непосредно повисок чин на лицето кое поминало во чин водник 1 класа, кој како нов чин се воведува во Армијата и тоа условот да поминал најмалку 4 години во тој чин за да може да биде унапреден во непосредно повисок чин.

Со членот30 од предложените измени и дополнувања, се врши дополнување на член 71 од законот, со нова алинеја 2), поради воведувањето нов чин Армијата-водник I класа, со што се пропишува дека подофицер од активниот резервен персонал може да се упанапредува во непосредно повисок чин, според потребите на службата, доколку во чинот што го имал поминал најмалку: во чин водник 4 години, во чин водник I класа5 години, во чин постар водник 5 години, во чин постар водник I класа 4 години и во чин наредник 5 години.

Со членот 31 од предлогот, врши дополнување на став (1) во член 74 од законот во поглед на пропишување на условите за поставување на воениот и цивилниот персонал на соодветна должност, со што се уредува дека воениот и цивилниот персонал се поставува на соодветна должностодносно формациско место, според неговата военоевиденциска специјалност, проекција на кариера и според потребите на службата во Армијата.

Со членот 32 од предложените измени и дополнувања, се менува ставот (2) на член 82 од законот, според кој активниот воен и цивилен персонал упатен на стручно оспособување и усовршување се разрешува од должноста ако стручното оспособување и усовршување трае подолго од 6 месеци.

Со членот 33 се менува член 88 од законот и се пропишува дека во случај кога активниот воен и цивилен персонал е упатен на работа во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, на стручно усовршување или образование во странство за потребите на Министерството за одбрана и Армијата, е должен во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство, односно стручното усовршување или образование, да се врати на работа. Активниот воен и цивилен персонал во рок од 30 дена од денот на враќањето се распоредува на работно место, односно се поставува на формациско место согласно неговиот степен на стручна подготовка и чин. Подготовките за распоредувањето почнуваат 60 дена пред крајот на мандатот или стручното усовршување или образование.

Со членот 34 од предлогот се брише членот 90 од законот,од причина што материјата која ја уредува е сублимирана во ново предложениот член 33 од овој закон.

Со членот 35 од предлогот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата, се врши дополнување на член 92 став (5) од законот, со нова точка 8), со цел да се регулира дека работното време на воениот и цивилниот персонал може да трае подолго од 40 часа во работната недела и за време на упатувањето во хуманитарни, меѓународни операции и НАТО мисии и операции.

Понатаму измената на став 6) и 7) од членот 92 се врши со цел номо –техничко средување на членот 92, поради новата нумерација на точките заради воведување на новата точка 8).

Со членот 36 од предлогот,се врши дополнување на членот 95 од законот, со што по зборовите „доброволно служење на воен рок“ се додаваат зборовите „професионалниот војник од член 36 став (2)“ , по што со истиот се уредува декавојниците за време на доброволно служење на воениот рок, професионалниот војник од член 36 став (2), лицата на стручно оспособување и усовршување за офицери, односно подофицери и активниот резервен персонал, се должни да извршуваат воени и други должности во воените единици во согласност со распоредот за животот и работата во воената единица, пропишан од началникот на Генералштабот на Армијата или од него овластено лице.

Сочленот 36 од предлогот, се врши и дополнување на членот 95 од законот со нов став (2), со кој се уредува дека на професионалниот војник од член 36 став (2) за време на изведување на основната војничка обука не му следува дневница.

Со членот 37 од предложените измени и дополнувања, се врши измена во членот 100 од законот со што зборовите„„мировни операции надвор од територијата на Републиката“, се заменуваат со зборовите „меѓународни операции, НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност“,со цел прилагодување на одредбата од член 100 од законот со новите мисиии операции согласно потребите и барањата на НАТО и стратешките определби на Република Северна Македонија, уредени во член во член 3 од овој предлог закон.

Со членот 38 од предлогот на законот, се менува членот 109 од законот и се уредува дека на активен воен и цивилен персонал кој го придружува брачниот другар упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, во команди и штабови на меѓународни организации во странство, на стручно усовршување или образование подолго од 90 дена, на негово барање му мируваат правата и обврските од работен однос и има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на упатувањето на неговиот брачен другар во странство да се врати на служба во Министерството за одбрана односно Армијата на должност според неговиот чин односно работно место. Членот 109 се менува со цел прилагодување на одредбата од истиот со новите операции и мисии уредени во член 3 од овој предлог закон.

Со членот 39, во член110 став (1) од законот, по зборовите „Војник на доброволно служење на воен рок“ се додаваат зборовите „и професионален војник на основна војничка обука“, со што се уредува дека војник на доброволно служење на воен рок и професионален војник на основна војничка обука има право на еден викенд отсуство секој месец, без надоместок на патнитетрошоци.Отсуството го одобрува командирот на чета или повисок воен старешина.

Со членот 40од предлогожените измени и дополнувања, се врши прецизирањево член 120 став (2) од законот, според што Министерството за одбрана против воен и цивилен персонал кој во вршење на службата предизикал штета кон трети лица, ќе поведе постапка за надоместок на извршената исплата, само ако воениот и цивилниот персонал штетата на трети лица ја предизвикал намерно или со крајно невнимание.

Со членот 41 од предлогот на законот,се додава нов член 147-а, со кој се уредува дека активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата остварува право на стаж на осигурување со зголемено треање.

Со членот 42 од предлогот, поради воведување на новите чинови во Армијата, Генерал, наместо Генерал на Армија и чинот водник I класа, се врши изменување во табелата на членот 149 став (1) од законот, во која се утврдени бодовите на платата која се определува според чинот на активниот воен персонал, со што измената се состои во воведување бодови за определување на платата за чинот Водник I. Класа, 410 бода.

Со членот 43од предлогот, се врши изменување во табелата во член 150 став (1) од законот, во која се утврдени бодовните групи на платата на активниот воен персонал која се определува според должноста, односно табелата се дополнува со новиот чин во Армијата, Водник I. Класа, со 103 бодови за должност.

Со членот 44, се менува точката 4)во став (1) на членот 156 од законот, со што се уредува дека додатокот на плата за посебен степен на образование се вреднува во бодовии дека за докторат на науки согласно потребите на Армијата или за школа за национална одбрана, додатокот на плата за посебен степен на образование изнесува 100 бода.

Со членот 45од предлогот на законот, се додава нов член 187 – а во законот, според кој воениот персонал на стручно оспособување и усовршување за офицер има право на паричен надомест во износ од последната просечна плата на ниво на држава.

Со членот46, во членот 188 став (2) од законот зборовите „државните службеници“, се заменуваат со зборовите „административните службеници“, согласно Законот за административни службеници.

Со членот 47,се менува членот 192 од законот и се уредува дека активен воен и цивилен персонал кој има засновано работен однос на неопределено време во Армијата, му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување.Активен воен персонал кој има засновано работен однос на определено време во Армијата, правото од овој член може да го оствари по навршување на четири години служба во Армијата.Висината на надоместокот на трошоци за станбено обезбедување е во висина на трошоците за одвоен живот. По исклучок, лицата кои веќе имаат обезбедено станбено прашање со станови во приватна сопственост кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешната ЈНА, не остваруваат право на надоместок на трошоци за станбено обезбедување.Надоместокот на трошоци за одвоен живот и надоместокот на трошоци за станбено обезбедување меѓусебно се исклучуваат.

Ова право од предложениот член 47, активниот воен и цивилен персонал ќе започне да го остварува од 1 април 2020 година.

Со членот 48од предлогот,членовите 193, 194, 195, 196, 196-а, 197, 197-а, 197-б, 197-в, 197-г, 197-д, 197-ѓ, 198 и 198-а од Глава XIV. СТАНБЕНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ се бришат.

Со членот 49од предложените измени и дополнувања,се врши измена на членот199 од законот, со што се уредува што се воени претставници на Република Северна Македонија во странство. Според ново предложениот член 199, воени претставници на Републиката во странство се: воени аташеа, одбранбени аташеа и воени и цивилни лица на служба во Армијата упатени на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, согласно актот за систематизација на Министерството за одбрана и актот за формација на Армијата.

Со членот 50од предлогот на законот, се изменува членот 200 од законот,со што се уредувадека на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни или меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, придонесите се пресметуваат и уплатуваат врз основа на платата утврдена на денот на упатувањето. Воениот и цивилниот персонал од овој член има право на плата, која се пресметува и исплатува во висина на последната утврдена плата пред упатувањето и право на надоместок за учество во мисиите и операциите од овој член. Висината на надоместокот за учество во мисиите и операциите од овој член ја утврдува министерот за одбрана.

Со членот 51 од предлогот на законот, се врши измена во став (1) на член 201 од законот, со што зборовите „мировни операции надвор од територијата на Републиката“, се заменуваат со зборовите „меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност“, со цел прилагодување на одредбата од членот со новите операции и должности согласно потребите и барањата на НАТО и стратешките определби на државата.

Со членот 52 од предлогот, се врши измена во членот 201-а од законот, со цел прилагодување на новите операции и должности на кои се упатува воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата, уредени во член 3 од овој закон.Се уредува дека воениот и цивилен персонал кој учествува во меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, кои траат шест месеци или подолго, по враќањето од учеството има право на отсуство од работа со надомест на плата, во траење од десет работни дена.

Со членот 53 од предлогот на законот, сеизменува насловот на Глава XVI од законот,во наслов „Здравствена и физичка способност за служба во Армијата“.

Со членот 54 од предлогот, се вршат измени во членот 203 став (1) од законот, со што се уредува дека посебната здравствена и физичка способност за вршење на служба во Армијата, ја утврдува военолекарска комисија формирана од министерот за одбрана. Со додавање нови ставови (4), (5) и (6) во членот 203 се уредува дека против наодот, оценката и мислењето на Военолекарската комисија може да се поднесе жалба во рок од три дена од денот на известување за наодот, оценката и мислењето, до Второстепената военолекарска комисија која ја формира Владата. Второстепената военолекарска комисија се состои од претседател, шест членови и нивни заменици кои се избираат за период од четири години. Начинот на работа на Второстепената военолекарска комисија го пропишува Владата на Република Северна Македонија.Одлуката по жалба на комисијата конечна.

Со членот 55се изменува членот 204 од законот, кој се однесува на проверката на физичката способност и се уредува дека проверката на физичката способностна лицата на должност во Армијата ја спроведуваат комисии во командите и единиците на Армијата во ранг на баталјон и повисоко, формирани од командантот на единицата.Проверката на физичката способност за активниот воен персонал на должност во Министерството за одбрана и за прием на воен персонал на служба во Армијата, како и за надзор над работата на комисиите,ја врши комисија формирана од министерот за одбрана.Начинот на работана двете комисииод овој член го пропишува министерот за одбрана.

Со членот 56од Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата,се врши измена во одредбите кои се однесуваат на престанок на работниот однос на активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, со што во ново предложебниот член 218 став (1) на оваа законска измена се уредува дека: на активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос во следните случаи: по сила на закон; со откажување на договор за вработување; по лично барање и со откажување на договор за вработувањекога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место.

Според став (2) на предложениот член 218, решение за престанок на работниот однос во случаите од став (1) донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.Според став (3), против решението од став (2) може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.Жалбата изјавена против решението за престанок на работен однос во случаите од став(1) алинеји 2, 3 и 4, односно жалбата изјавена против решение запрестанок на работен однос со откажување на договорот за вработување, жалбата изјавена против решение за престанок на работен однос по лично барањеи жалбата изјавена против решение за престанок на работен однос соoткажување на договор за вработувањекога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, не го одлужува извршувањето на решението.

Со членот 57 од предлогот на законот, членот 219 од законот се брише. Според член 219 став (1) од законот, во случај на престанок на работниот однос на активниот воен и цивилен персонал, по негово барање, отказниот рок може да изнесува од еден до три месеци од денот на поднесувањето на барањето, за што одлучува министерот за одбрана или од него овластено лице. Според став (2), за време на трење на отказниот рок активниот воен и цивилен персонал има права и обвски од работен однос.Членот 219 од законот се брише, од причина што материјата која ја уредува е предмет на измените и дополнувањата на овој закон, во делот на престанокот на работниот однос.

Со членот 58 од предложените измени и дополнувања на законот, се изменува членот 220 од законот, со што се воведува законско решение запрестанок на работниот однос на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, по сила на закон соостварување на право на пензија.

Имено со ново предожениот член 58 од оваа законска измена, со кој се изменува членот 220 од законот, во ставот (1) се уредува дека на активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос по сила на закон со остварување на право на пензија, со навршување на 40 години пензиски стаж и навршени 55 години возраст.
Во ставот (2) се пропишува дека активниот воен и цивилен персонал може со писмена изјава до Министерството за одбрана да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до пет години по навршување на 40 години пензиски стаж, односно по наполнување на 55 години возраст.Според ставот (3),писмената изјава, активниот воен и цивилен персоналја дава еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година, за продолжување на договорот за вработување за наредната година.Според став (4),Министерството за одбрана во рок од три месеци од поднесувањето на изјавата, а врз основа на потреба на службата, одлучува дали ќе го продолжи договорот за вработување.
Во ставот (5) се уредува дека по исклучок од став еден (1), кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, при што во рок од 60 дена нема можност активниот воен и цивилен персонал да биде поставен на друго формациско, односно работно место,на истиот му престанува работниот однос со остварување на право на пензија со навршени 55 години возраст или 36 години пензиски стаж, од кои најмалку 20 години пензиски стаж остварен во Армијата.Според став (6), рокот од став (5) започнува да тече од денот на отпочнување на трансформацијата согласно промените во актот на формацијата, односно систематизацијата, согласно утврдениот динамички план за трансформација.
Според став (7), пензијата се утврдува во висината од 80% од просечната нето плата што активниот воен и цивилен персонал ја остварил во текот на најповолните десет години од пензискиот стаж. Според став (8), средствата за исплата на пензијата на овој член до навршувањена годините на живот за остварување на право на старосна пензија споредпрописите за пензиско и инвалидското осигурување, се обезбедуваат од буџетот наМинистерството за одбрана.
Со членот 59од предложените измени и дополнувања на законот, се додаваат три нови члена 220-а, 220-б и 220-в, со кои се уредува престанокот на работниот однос активниот воен и цивилен персонал, со откажување на договорот за вработување ипо лично барање.
Со ново предложениот член 220-а од оваа законска измена се уредува дека на активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос со откажување на договорот за вработување во следните случаи:
- ако ја загуби здравствената и физичката способност за служба во Армијата и нема општа здравствена способност за работа - со денот на конечноста на решението за утврдување на здравствената и физичката способност;
- ако му е изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос или губење чин - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос односно губење на чинот;
- ако при оценувањето двапати едноподруго биде оценет со оценка "не задоволува " за најмалку еден критериум за оценување - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос;“
- ако неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;
- ако исполни услови за пензија согласно со закон - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос;
- со истекот на договорот за работа за професионалниот војник, доколку истиот не му се продолжи;
- ако професионалниот војник го одбие новиот договор за вработување;

- ако го одбие понуденото вработување кај друг работодавач без огласување со преземање и склучување договор за вработување за вршење работа која одговара на неговата стручна подготовка.

Со новопредложениот член 220-бстав (1) се уредува дека во случај на престанок на работниот однос на активниот воен и цивилен персонал по лично барање, отказниот рок може да изнесува од еден до три месеци од денот на поднесувањето на барањето, за што одлучува министерот за одбрана или од него овластено лице.

Во став (2) се уредува дека во случај на престанок на работниот однос на лично барање, барателот е должен да поднесе писмена изјава со која ќе потврди дека нема неисполнети обврски кон Министерството за одбрана кои произлегуваат од стручно оспособување и усовршување,финансирано од страна на Министерството и реализирано за потребите на истото.Според став (3), доколку постојат неисполнети обврски утврдени со договорот за стручно оспособување и усовршување, барателот е должен да го врати износот во целост на сметка на Министерството пред конечноста на решението за престанок на работниот однос. Во став (4) се уредува дека за време на траење на отказниот рок активниот воен и цивилен персонал има права и обврски од работен однос.

Со новопредложениот член 220–в во став (1) се уредува дека во случаи на откажување на договорот за вработувањекога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на Министерството кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, Министерството е должно на активниот воен и цивилен персонал да му исплати испратнина, односно еднократен надомест во висина на нето плата за секои три години работен стаж во Министерството, чиј износ не може да биде повисок од десет нето плати на работникот.

Според став (2), основицата за пресметка на испратнината од став (1), е просечната нето плата на работникот исплатена во последните шест месеци пред отказот, а според став (3), испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

Со членот 60од предлогот на законот,членовите 221 и 223 од законот се бришат, од причина што одредбите од овие членови се содржани во новото законско решение за престанок на работниот однос.Со член 221 од постојниот закон се прошишува дека висината на пензијата од членот 220 став (2) на овој закон се утврдува во зависност на должината на исполнетиот пензиски стаж, а пензиската основица во висина од 80%, се намалува за 0,5% за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години. Средствата за исплата на пензијата од ставот (1) на овој член до навршување на годините на живот за остварување на право на старосна пензија според прописите за пензиско и инвалидското осигурување, се обезбедуваат од буџетот на Министерството за одбрана. Правото на пензија од ставот (1) на овој член се остварува во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Со член член 223 од законот се пропишува дека решение за престанок на работниот однос за воениот и цивилниот персонал донесува министерот за одбрана или од него овластено лице. Против решенијата од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.Одредбите од членовите 221 и 223 се содржани во новото законско решение за престанок на работниот однос.

Со членот 61од предлогот на законот, кој е дел од преодните и завршните одредби на оваа законска измена, се уредува дека одредбите од членовите 47и 48 од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од 1 април 2020 година.

Со членот 62се уредува дека прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила. Со појаснување во став (2) дека прописите донесени врз основа на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19),продолжуваат да се применуваат до донесувањето на прописите од став(1) на овој член.

Со членот 63се уредува дека постапките за прием на офицери, подофицери и професионални војници на служба во Армијата и постапките за станбено обезбедување кои се започнати до денот на влегување во сила на овој закон, ќе се спроведат согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19).
Со членот 64се овластува Законодавно-правната комисја на Собранието да утврди пречистен текст на Законот за служба во Армијата.
Со членот 65се уредува рокот за стапувањето во сила на законот, кој е осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на законотзапочнува да се врши усогласување со законите на земјите членки на Организацијата на Северноатлантскиот Договор -НАТО.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Измените и новите решенија содржани во Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата, се меѓусебно поврзани и не ја попречуваат правната целина и применливоста на законот.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот законза изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата, се воведуваатзаконски решенија за усогласување со законодавството со земјите членки на НАТО,од областа на вршењето на службата во Армијата, статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите, условите за пензионирањеи други прашања во врска со вршењето на службата во Армијатана персоналот на служба во Армијата.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ШТО СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 1

Со овој закон се уредуваат статусот, правата, обврските, должностите иодговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Македонија(во натамошниот текст: Армијата), како и системот на плати и надоместоци наплати и други прашања во врска со службата во Армијата.

Член 2

(1) Под служба во Армијата се смета вршење воени должности во Армијата.
(2) Како служба во Армијата се смета и вршење должности во Министерствотоза одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговскитедруштва, јавните претпријатија, установите и службите, воените претставништвана Република Македонија во странство, учество во вежбовни активности и обука иво хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на РепубликаМакедонија, како и должности во мултинационални воени сили формиранисогласно со ратификувани меѓународни договори кои Република Македонија гисклучила или им пристапила.

Член 3

Служба во Армијата врши воен и цивилен персонал.
1. Воен персонал, во смисла на овој закон, е:
а) активен воен персонал
- воен старешина-офицер и подофицер и
- професионален војник;
б) воен персонал на стручно оспособување, односно обука
- војник на доброволно служење на воениот рок,
- лице на стручно оспособување и усовршување за офицер, односно подофицер и
- питомец на Воената академија и
в) активен резервен персонал
- лице од резервниот состав на Армијата поставено на должност согласно соактот за формација на Армијата.
2. Цивилен персонал, во смисла на овој закон, е:
- цивилно лице поставено на должност согласно со актот за формација наАрмијата.

Член 7

(1) Воениот и цивилниот персонал, при стапување на служба во Армијата, уснодава и писмено потпишува заклетва, која гласи:
„Се колнам дека ќе ги бранам слободата, сувереноста, самостојноста итериторијалниот интегритет на Република Македонија. Дисциплинирано, совесно иодговорно ќе ги извршувам обврските и должностите како бранител на мојатататкoвина Република Македонија и ќе се борам за нејзината слобода и чест".
(2) Лице кое зборува службен јазик различен од македонскиот јазик,потпишувазаклетва на македонски јазик и неговото писмо, како и на тој јазик и неговотописмо.
(3) Еднаш дадената заклетва останува во сила трајно.
(4) Потпишаната заклетва се чува во персоналното досие на воениот и цивилниот персонал.

(5) Начинот и постапката на давање заклетва се утврдува со правилата завнатрешен ред и односите во вршењето на службата во Армијата што ги донесува началникот на Генералштабот на Армијата.
(6) Ако воениот и цивилниот персонал одбие да ја даде и потпише заклетватаод ставот (1) на овој член, ќе се смета дека договорот за работа не е склучен.

Член 11
(1) Во текот на извршување на воената служба, воениот и цивилниот персоналстатусот го докажуваат со легитимација.
(2) Воениот и цивилниот персонал имаат и посебни исправи предвидени соЖеневските конвенции во случај на воена состојба и учество во мултинационални воени сили, во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции формирани согласно со ратификувани меѓународни договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.
(3) Формата, содржината, образецот и начинот за издавање и одземање налегитимацијата и посебните исправи ги пропишува министерот за одбрана.

Член 13
(1) Наредба за поставување, унапредување, разрешување, преместување,упатување, застапување и други односи во службата донесуваат:
- министерот за одбрана или од него овластено лице за офицерите со чинполковник и за воените старешини поставени на должност во Министерството за одбрана, воените претставништва и другите мисии и тела,
- началникот на Генералштабот во Армијата за офицерите со чин мајор ипотполковник и за сите воени старешини заклучно со чин потполковник,професионалните војници и цивилниот персонал поставени на должност воГенералштабот на Армијата,
- командантот на потчинетата команда на Генералштабот на Армијата завоените старешини до чин капетан, професионалните војници и цивилниотперсонал поставени на должности во потчинетата команда и активниот резервен персонали
- командантот на потчинетата единица во ранг на полк бригада или самостоенбаталјон за професионалните војници и цивилниот персонал поставени надолжност во потчинетата единица и активниот резервен персонал.
(2) Наредба за преместување на активниот воен персонал до чин потполковник од една во друга потчинета команда донесува началникот на Генералштабот на Армијата.

Член 22
(1) На воениот и цивилниот персонал Министерството за одбрана му ги надоместува трошоците направени при користење на здравствени услуги војавните здравствени установи и се ослободува од плаќање на лекови кои сенаоѓаат на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на кој министерот за здравство дава согласност.
(2) Надоместокот на трошоците од ставот (1) на овој член подразбира обезбедување на основни здравствени услуги опфатени созадолжителноздравствено осигурување на осигурените лица во примарната,специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита, во согласност со закон.
(3) Надоместокот на трошоците од ставовите (1) и (2) на овој член, на воениоти цивилниот персонал се врши по претходно приложена уредна документација за направените трошоци, издадена од јавната здравствена установа.

Член 24

На активниот и цивилниот персонал кој учествува во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата наРепубликата и на членовите на нивното потесно семејство, додека се наоѓаат на извршување на овие должности подолго од 30 дена, Министерството за одбрана ги надоместува трошоците направени при користење на здравстени услуги и плаќање на лекови кои се наоѓаат на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на кој министерот за здравство дава согласност.

III ПРИЕМ НА АКТИВЕН ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА

Член 30-а

Работен однос на определено време со Министерството за одбрана, како цивилен персонал на служба во Армијата може да се заснова без јавен оглас, со спогодба за преземање, заради упатување во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија.“

Член 32

(1) За офицер на служба во Армијата се прима кандидат кој покрај општите услови од членот 31 на овој закон ги исполнува и следниве посебни услови:
- да има завршено воена академија,
- да има високо образование и завршено стручно оспособување и усовршување за офицер и
- да не е постар од 30 години.
(2) Стручното оспособување и усовршување за офицер од ставот (1) алинеја 2на овој член се организира и спроведува на Воената академија или во странство.
(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, за офицер на служба во Армијата сеприма и подофицер на служба во Армијата кој завршил високо образование истручнооспособување и усовршување за офицер и да не е постар од 35 години.
(4) Прием на кандидати за офицери на служба во Армијата се спроведува попат на интерен оглас во Министерството за одбрана и Армијата.
(5) Интерниот оглас се објавува на интернет страницата на Министерството заодбрана и Армијата и на огласни табли во командите и единиците на Армијата.
(6) Рокот за пријавување на интререн оглас не може да биде пократок од 15дена од денот на неговото објавување.
(7) Заинтересираните кандидати доставуваат пријави до командите и единицитена Армијата кои се проследуваат до Министерството за одбрана и Армијата.
(8) Постапката за избор на кандидати ја спроведува Комисија за прием накандидати за офицери за служба во Армијата што ја формира министерот заодбрана.
(9) Комисијата од ставот (8) на овој член е составена од три члена и нивнизаменици од Министерството за одбрана и Армијата.
(10) По извршената селекција, Комисијата од ставот (8) на овој член изготвуваранг-листа која се доставува до министерот за одбрана кој врши избор накандидати за офицери на служба во Армијата.
(11) Начинот на прием на лицата од ставот (1) на овој член поблиску гопропишува министерот за одбрана.

Член 33

(1) За подофицер на служба во Армијата се прима професионален војник којпокрај општите услови од членот 31 на овој закон, ги исполнува и следнивепосебни услови:
- да има потреба да се постави на должност утврдена со актот за формација наАрмијата за која е утврдено да ја извршува подофицер,

- да ги исполнува критериумите предвидени за формациското место,
- да има минимум четири години работен стаж во Армијата и најмалку чиндесетар,
- да заврши стручно оспособување и усовршување за подофицер.

(2) Предност при приемот имаат кандидатите со најдобри резултати прислужбеното оценување.

(3) Прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата се спроведува попат на интерен оглас во Министерството за одбрана и Армијата како за прием наофицери на служба во Армијата од членот 32 на овој закон.

(4) Начинот на прием на лицата од ставот (1) на овој член поблиску гопропишува министерот за одбрана.

Член 34

(1) Ако од професионалните војници нема лице кое ги исполнува посебнитеуслови за прием на подофицер на служба во Армијата, се прима кандидат од цивилниот персонал на служба во Армијата, доколку ги исполнува следниве посебни услови:

- да има потреба да се постави на должност утврдена со актот за формација на Армијата за која е утврдено да ја извршува подофицер,
- да ги исполнува критериумите предвидени за формациското место,
- да има средно образование,
- да има минимум пет години работен стаж во Армијата на должности од значење за службите во Армијата,
- да има посебна здравствена и физичка способност потребна за вршење на служба во Армијата,
- да заврши стручно оспособување и усовршување за подофицер и
- да не е постар од 33 години.

(2) Прием на кандидати за подофицери на служба во Армијата се спроведува по пат на интерен оглас во Министерството за одбрана и Армијата како за прием на офицери на служба во Армијата од членот 32 на овој закон.

(3) Начинот за прием на лицата од ставот (1) на овој член поблиску го пропишува министерот за одбрана.

Член 36

За професионален војник на служба во Армијата по пат на јавн оглас се прималице кое, покрај општите услови од членот 31 на овој закон, ги исполнува и следниве посебни услови:

- да има средно образование,
- да има завршено доброволно служење на воениот рок и
-да не е постар од 25 години на денот на завршувањето на огласот за прием на професионални војници.

Член 40

(1) Воените старешини и цивилниот персонал склучуваат договор за вработување на неопределено време.

(2) Професионалните војници склучуваат договор за работа на определено време со времетраење на договорот од три години.

(3) Во зависност од покажаните резултати и потребите на соодветниот род, односно служба, договорот за работа со професионалните војници може да сепродолжи повеќе пати, но најмногу до навршување на 45 години возраст.

(4) Со договорот, право за изучување на странски јазици и информатика заработасе утврдува денот на стапување на работа, односно стапување надолжност, времетраење и место на вршење на службата, правата, обврските,должностите и одговорностите во службата (начин на извршување на работата, односно должноста, работното време и редот и дисциплината,

преместување на друго работно место, односно на друга должност, должина на годишниот одмор, отсуства од работа, плата и надоместоци на платата, престанок на работниот однос, односно престанок на службата во Армијата, надоместок на штета во случај на самоволно раскинување на договорот) и други права утврдени со закон и акти на Министерството за одбрана.
(5) Договорите од ставовите (1) и (2) на овој член ги потпишува министерот заодбрана или од него овластено лице.

Член 42

Чинови на воениот персонал се:
- за војници на доброволно служење на воениот рок: војник,
- за професионални војници, питомци на Воената академија и од активниотрезервен персонал на Армијата: разводник, десетар и помлад водник,
- за лица на стручно оспособување и усовршување на офицери: десетар,помлад водник и водник, а за лица на стручно оспособување и усовршување заподофицери разводник, десетар и помлад водник,
- за активниот воен персонал - подофицери и активниот резервен персонал:водник, постар водник, постар водник I класа, наредник и главен наредник,
- за активниот воен персонал - офицери: потпоручник, поручник, капетан,мајор, потполковник,полковник, бригаден генерал, генерал-мајор, генерал-потполковник и генерал на Армија и
- за офицери од активниот резервен персонал: потпоручник, поручник, капетан,мајор и потполковник.

Член 43

(1) Активен резервен персонал во смисла на овој закон се лица од резервниотсостав на Армијата повикани за вршење на служба во Армијата.
(2) Професионалните војници по престанокот на службата во Армијата, зарадинавршување на 45 години возраст, се преведуваат во активна резерва доколку се согласни со тоа и се поставуваат на должност согласно со актот за формација на Армијата.
(3) Лицата од ставовите (1) и (2) на овој член можат да бидат ангажирани воединиците на Армијата, заради учество во мировни операции и надвор одтериторијата на Републиката повеќе од 30 дена, доколку се согласат со тоа.
(4) Обврската на лицата од ставот (1) на овој член трае до навршување на 50години.

Член 51-а

(1) Активниот воен персонал упатен на должност во органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, воените претставништва на Република Македонија во странство, учество во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија, на должности во мултинационални военисили формирани согласно со ратификувани меѓународни договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила, како и на школување,стручно оспособување и усовршување и специјализација за потребите на службата подолго од шест месеци во годината во која се оценува, се оценува од надлежниот старешина каде што ја извршувал должноста.
(2) Оцената од ставот (1) на овој член се смета за службена оцена за календарската година во која се врши оценувањето.

Член 52

(1) Оценувањето на активниот воен персонал се врши врз основа наподатоцитекои се однесуваат на следниве критериуми:
- стручно знаење,
- професионална ефикасност,
- командување и раководење,
- резултати од работата и
- физичка подготвеност.
(2) Податоците од ставот (1) на овој член се внесуваат на образец чија форма исодржина ја пропишува министерот за одбрана.
(3) Податоците се оценуваат поединечно, бројчано со оценка од еден до пет и описно со следниве степени:“особено се истакнува”, “се истакнува”, “добар”, “задоволува” и “незадоволува”.
(4) Активниот резервен персонал се оценува за период од 12 месеци, но непомалкуод шест месеци, според критериумите за оценување на активниот воен персонал.

Член 53

(1) Оценувањето на активниот воен персонал го врши непосредно претпоставениот и второпретпоставениот старешина или раководен државен службеник со високо образование, независно еден од друг.
(2)Оценувањето на активниот резервен персонал го врши непосредно претпоставениот старешина.

Член 57

(1) Цивилниот персонал на служба во Армијата се оценува според прописите заоценување на државните службеници.
(2) Оценувањето на цивилниот персонал го врши непосредно претпоставниотстарешини кој е офицер или цивилен персонал со високо образование.
(3) Цивилниот персонал кој не е задоволен со оцената, во рок од 15 дена одденот кога му е соопштена истата, може да поднесе жалба до непосреднопретпоставниот старешина, односно до цивилниот персонал со високо образование кој ја дал оцената.
(4) Оцената по жалбата е конечна.

Член 60

Активниот воен персонал може да се унапреди во непосредно повисок чинспоред потребите на службата, врз основа на оценувањето на резултатите нанивнатаработа за периодот сметано од нивното последно унапредување ипокажаната способност за вршење должност во повисок чин.

Член 61

(1) Офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин, ако во чинот штого има поминал најмалку:
- во чин потпоручник...............................две години,
- во чин поручник....................................три години,
- во чин капетан.......................................пет години,
- во чин мајор....................................четири години,

- во чин потполковник.......................четири години,
- во чин полковник..........................четири години и
- во генералски чин..................................две години.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин една години порано од времето пропишано во ставот (1) на овој член, доколку два пати последователно е оценет со оценка пет и со степенот „особено се истакнува", по сите критериуми од членот 52 на овој закон.

Член 63

Во чин бригаден генерал може да биде унапреден полковник кој го исполнуваусловот од членот 61 на овој закон и кој има завршено школа за националнаодбрана или друга соодветна школа или се стекнал со научно звање доктор вонаучна област која одговара на родот, односно службата на која и припаѓа.

Член 65

(1) Подофицер може да се унапреди во непосредно повисок чин, ако во чинот што го има поминал најмалку:
- во чин водник.........................................три години,
- во чин постар водник.......................четири години,

Член 71

Подофицер од активниот резервен персонал може да се унапредува вонепосредно повисок чин, според потребите на службата, доколку во чинот што го ималпоминал најмалку:
- во чин водник..................................четири години,
- во чин постар водник............................пет години,
- во чин постар водник I класа........четири години и
- во чин наредник ....................................пет години.

Член 74

(1) Воениот и цивилниот персонал се поставува на соодветна должност, односно формациско место според неговата воеnоевиденциска специјалност и според потребите на службата во Армијата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доколку потребите на службата тоаго налагаат, воениот и цивилниот персонал може да се постави на формацискоместо кое не соодветствува со неговата воеnоевиденциска специјалност.

(3) Под формациско место се подразбира и работно место определено со акт засистематизација на работите и задачите на кои се поставува воениот персоналраспореден за вршење на должности во Министерството за одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговските друштва, јавнитепретпријатија, установите и службите, воените претставништва на РепубликаМакедонија во странство, како и должности во мултинационалните воени силиформирани согласно со ратификуваните меѓународни договори кои РепубликаМакедонија ги склучила или им пристапила.

(4) Воениот персонал распореден на формациско место од ставот (3) на овој член има права и обврски како да е распореден во Армијата.

Член 82

(1) Активниот воен и цивилен персонал упатен на стручно оспособување иусовршување се разрешува од должноста ако стручното оспособување иусовршување трае подолго од една година.
(2) Времето поминато на стручно оспособување и усовршување се смета каковреме поминато на служба со права од својот чин и должноста на која билпоставен.

Член 88

Во случај кога активниот воен и цивилен персонал е упатен на работа водипломатски, конзуларни и воени претставништва во странство, на стручноусовршување или образование во странство за потребите на Министерството заодбрана и Армијата, е должен во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство, односно стручното усовршување или образование, да се врати на работа и да биде распореден на работно место, односно поставен на формациско место согласно со неговиот степен на стручна подготовка и чинот.

Член 90

(1) Активниот воен и цивилен персонал по враќање од работа во дипломатски, конзуларни и воени претставништва во странство, како и од стручно усовршување или образование во странство за потребите на Министерството за одбрана и Армијата, во рок од 30 дена од денот навраќањето, се распоредува на работно место, односно се поставува на формациско место, согласно со неговиот степен настручна подготовка и чинот.
(2) До распоредување на работно место, односно до поставување наформациско место од ставот (1) на овој член активниот воен и цивилен персонализвршуваработи, односно должности по потреба на службата, согласно сонеговиот степен на стручна подготовка, односно чин.
(3) Во случаите од ставот (2) на овој член активниот воен и цивилен персоналги задржува правата од својот степен на стручна подготовка, односно чин.

Член 92

(1) Работното време на воениот и цивилниот персонал изнесува 40 часа воработна недела (полно работно време).
(2) Работната недела по правило трае пет работни дена.
(3) Во Министерството за одбрана и Армијата се води евиденција за полноторaботно време.
(4) Активниот воен и цивилен персонал на барање на непосредноптретпоставениот старешина е должен да врши работа преку полното работновреме (прекувремена работа).
(5) Работното време може да трае подолго од 40 часа во работна недела воследниве случаи:
1) во случај на наредени мерки за зголемена борбена готовност;
2) во случај на потреба од дополнително ангажирање на одредени воени единици заради одржување на борбената готовност;
3) во случај на тревога во воените единици;
4) за време на воена вежба;
5) во случај кога Армијата учествува во отстранување последици од вонреднасостојба;
6) за време на дежурство, стражарска должност и други должности во воениединици и
7) во услови кога се бара продолжување на започната работа чие запирање илипрекинување би имало штетни последици за борбената готовност на военатаединица, за извршување вонредни задачи или поради одредени состојби воединицата.
(6) Во случаите од ставот (2) точки од 1 до 7 на овој член воениот и цивилниотперсонал е должен да работи подолго од полното работно време.

(7) Наредба за работа подолга од полното работно време случаите од ставот (2)точки 1 и 2 на овој член донесува министерот за одбрана, а во случаите од ставот(2) точки од 3 до 7 на овој член, наредба донесува командантот на бригада и немурамен или повисок старешина.

Член 95

Војниците за време на доброволно служење на воениот рок, лицата на стручнооспособување и усовршување за офицери, односно подофицери и активниотрезервен персонал се должни да извршуваат воени и други должности во воените единици во согласност со распоредот за животот и работата во воената единица, пропишан од началникот на Генералштабот на Армијата или од него овластено лице.

Член 100

Воен и цивилен персонал кој по потреба на службата е упатен заради учествово вежбовни активности, обука, хуманитарни или мировни операции надвор одтериторијата на Републиката, а кој од објективни причини, без своја вина не гоискористил годишниот одмор, има право да го искористи годишниот одмор докрајот на наредната календарска година.

Член 109

На воен и цивилен персонал кој го придружува брачниот другар упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка или просветно културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на неговобарање му мируваат правата и обврските од работен однос и има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство да се врати на служба во Министерството за одбрана, односно Армијата на должност според неговиот чин, односно работно место.

Член 110

(1) Војник на доброволно служење на воен рок има право на еден викендотсуство секој месец, без надоместок на патните трошоци.
(2) Отсуството од ставот (1) на овој член го одобрува командирот на чета илиповисок воен старешина.

Член 120

(1) Министерството за одбрана е должно да ја надомести материјалната штеташто воениот и цивилниот персонал во вршење на службата во Армијата ќе јапредизвика кон трети лица.
(2) Министерството за одбрана против воениот и цивилниот персонал од ставот(1) на овој член ќе поведе постапка за надоместок на извршената исплата, акворниот и цивилниот персонал штетата на трети лица ја предизвикале намерноили со крајно невнимание.

Член 147

Вредноста на бодот за плата се утврдува со решение на министерот за одбрана.

Член 149

Платата според чинот се вреднува во бодови, и тоа:

| Чин Бодовипо чин | |
|---|---|
| Генерал на Армија | 855 |
| Генерал потполковник | 795 |
| Генерал мајор | 735 |
| Бригаден генерал | 675 |
| Полковник | 605 |
| Потполковник | 565 |
| Мајор | 525 |

| | |
|---|---|
| Капетан | 495 |
| Поручник | 465 |
| Потпоручник | 455 |
| Главен наредник | 445 |
| Наредник | 440 |
| Постар водник I. класа | 430 |
| Постар водник | 423 |
| Водник | 399 |
| Професионален војник | 397 |

Член 150

(1) Платата според должноста се вреднува во бодовни групи определени според чинот, видот и обемот на работата, сложеноста и одговорноста за извршување на должноста, и тоа:

| Чин | Бодовна група | Бодови за должност |
|---|---|---|
| Генерал | 1 | 520 |
| Генерал потполковник | 2 | 480 |
| Генерал мајор | 3 | 450 |
| Бригаден Генерал | 4 | 430 |
| Полковник | 5 | 350 |
| | 6 | 300 |
| Потполковник | 7 | 260 |
| | 8 | 210 |
| Мајор | 9 | 190 |
| | 10 | 165 |
| Капетан | 11 | 155 |
| | 12 | 140 |
| Поручник | 13 | 130 |
| Потпоручник | 14 | 125 |
| Главен наредник | 15 | 115 |
| Наредник | 16 | 110 |
| Постар водник I класа | 17 | 105 |
| Постар водник | 18 | 104 |
| Водник | 19 | 101 |
| Професионален војник | 20 | 100 |

(2) Бодовната група за секоја должност, според чинот, се определува со актотза формација на Армијата, актот за систематизација на работните (2) Бодовната група за секоја должност, според чинот, се определува со актот за формација на Армијата, актот за систематизација на работните места во Министерството заодбрана и во Воената академија, на кои се поставува активниот воен персонал.

(3) Ако воен старешина офицер, односно подофицер биде поставен на должност во други органи на државната власт, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби во смисла на членот 2 став (2) од овој закон,министерот за одбрана со решение ќе ја определи бодовната група за таа должност.

Член 156

(1) Додатокот на плата за посебен степен на образование се вреднува со бодови и тоа:

1) за положен правосуден испит……………………… 30 бода;

2) за магистратура или специјализација за командно-штабни должности………30бода;

3) за специјализација во здравствена дејност………………………90 бода и

4) докторат на науки или школа за национална одбрана…………………….. 100 бода.
(2) Додатокот на платата од ставот (1) на овој член припаѓа само по еден основ.

Член 187

Цивилниот персонал има право на другите надоместоци утврдени со овој законпод исти услови како и активниот воен персонал.

Член 188

(1) Воениот и цивилниот персонал има право на надоместоци за:
1) патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и
странство;
2) трошоци за користење возило во лична сопственост за службени цели;
3) трошоци за одвоен живот од семејството; 4) парична помош во случај на смрт на член на потесно семејство (родител,брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца идеца земени на издржување), ако живееле во заедница;
5) штета при елементарни непогоди;
6) селидбени трошоци;
7) трошоци за превоз;
8) вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебнивоени објекти и
9) за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови.
(2) Висината на надоместоците од ставот (1) точки од 1 до 5 на овој член иначинот на распределувањето, се исти како и за државните службеници.
(3) Начинот за исплата и висината на надоместоците од ставот (1) точки од 6 до9 на овој член ги утврдува министерот за одбрана.

Член 192

(1) Активниот воен и цивилен персонал за време на вршење на службата воАрмијата, може да оствари право на решавање на станбено обезбедување.
(2) Станбеното обезбедување од ставот 1 на овој член, може да се оствари со:
- закуп,
- откуп и
- субвенционирање на дел од трошоци за купување или откуп на стан.
(3) Начинот за остварување на правото на решавање на станбеното обезбедувањеод ставот (2) на овој член, го пропишува министерот за одбрана.
(4) Субвенционирање на дел од трошоците од ставот (2) алинеја 3 на овој членсе врши согласно со Програмата за изградба на станови за припадниците наАрмијата, донесена од Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Програмата).
(5) Изградбата на станови за припадниците на Армијата согласно соПрограматаод ставот (4) на овој член, претставува јавен интерес.
(6) Изградбата на становите согласно со Програмата ја спроведува Министерството за одбрана.
(7) Правото на станбено обезбедување од ставот (2) на овој член активниотвоен и цивилен персонал го остварува со поднесување на барање доМинистерството за одбрана со потребна документација согласно со овој закон.

Член 193

(1) Правото на закуп може да го оствари активен воен и цивилен персонал наслужба во Армијата кој не е станбено обезбеден.
(2) Лицето од ставот (1) на овој член кој засновал работен однос ннеопределено време во Армијата, а кој на територијата на Република Македонијанема стан во лична сопственост или во сопственост на член од неговото потесносемејство (брачен другар, деца родени во брак или

вон брак, посиноци, посвоенидеца и деца земени на издржување и родители), со кои живее во заедничкодомаќинство и не му е решено станбеното обезбедување под повластени услови,има право на надоместок на трошок за закупнина на стан.
(3) Активниот воен персонал кој засновал работен однос на определено времево Армијата, правото од ставот (1) на овој член може да го оствари по пет годинислужба во Армијата.
(4) Висината на надоместокот на трошок за закупнина на стан ја определуваВладата на Република Македонија.
(5) При одредување на висината на надоместокот на трошок за закупнина настан од ставот (4) на овој член особено се земаат предвид:
- место на вршење на служба,
- број на членови на семејно домаќинство и- временскиот период на нерешено станбено обезбедување.
(6) Средствата од ставот (4) на овој член се на товар на Министерството заодбрана.

Член 194

(1) По исклучок од членот 192 од овој закон, на воен старешина, поставен надолжност командант согласно со актот за формација на Армијата, му сеобезбедува користење на службен стан во местото на извршувањето надолжноста.
(2) Службениот стан од ставот (1) на овој член се обезбедува и дава накористење без надоместок исклучиво за службени потреби за време на вршење надолжноста согласно со актот за формација на Армијата.
(3) Начинот на користење на станот од ставот (1) на овој член го пропишуваминистерот за одбрана.

Член 195

Надоместокот на трошоци за одвоен живот, правото на исплата на стварнитрошоци за превоз, надоместокот за закупнина на стан и правото на користење наорганизиран превоз меѓусебно се исклучуваат.

Член 196

(1) Право на откуп има активниот воен и цивилен персонал кој користистанбена единица со која располага Министерството за одбрана врз основа на актна надлежен орган.
(2) Правото на откуп може да го оствари активниот воен и цивилен персоналкој позитивно се изјаснил со лично потпишана писмена изјава за решавање настанбеното прашање со откуп на стан и поднел барање за откуп на стан.
(3) Министерството за одбрана ја субвенционира каматата за откуп на стан одставот (1) на овој член само за проценетата вредност на станот, согласно составот (5) на овој член.
(4) Министерството за одбрана субвенционирањето на каматата од ставот (3)на овој член го врши само во висина на кредитот за стан до најмногу 70 м2.
(5) Вредноста на становите од ставот (1) на овој член по метар квадратен, сеутврдува врз основа на процената извршена од страна на овластен проценител,согласно со Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имотсогласно со Законот за процена.
(6) За становите од ставот (1) на овој член, Министерството за одбранаизработува пресметка со која го утврдува износот на неплатената закупнина,односно надоместокот за користење на станот од денот на неговото користењеврз основа на акт на надлежен орган до денот на поднесување на барањето заоткуп, а кој износ се додава на вредноста на станот утврдена согласно составот(5) на овој член.
(7) Износот од ставот (6) на овој член се утврдува во висина од 2% одпроценетата вкупна вредност на станот, за секоја година од неговото користење,а која утврдена вкупна вредност на неплатената закупнина, односно надоместокотза користење на станот од денот на неговото користење, се намалува за 50%.

(8) Министерството за одбрана при субвенционирање на дел од трошоците заоткуп на стан, ја опфаќа само вредноста на станбената единица утврденасогласно со ставот (5) на овој член, а не го опфаќа и износот на неплатенатазакупнина, односно надоместокот за фактичко користење на станот утврденсогласно со ставот (7) на овој член.
(9) При субвенционирање на дел од трошоците за откуп на стан особено се земаат предвид:
- користење на стан под закуп, надоместок на трошоци за закупнина на стан,
- години на работен стаж во Армијата,
- семејна состојба (број на членови на семејно домаќинство),
- место на службување,
- степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службатаво Армијата, утврден со акт на надлежен орган,
- инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлежен орган,
- доказ за потекло од семејство на загинат бранител на Република Македонија и
- припадност кон една од трите категории:
а. лица кои не поседуваат стан во лична сопственост,
б. лица кои поседуваат стан во лична сопственот, стекнат по пазарни услови и
в. лица кои поседуваат стан во лична сопственост, добиен од поранешниотстанбен фонд на поранешната Југословенска Народна Армија (ЈНА),Министерството за одбрана и Армијата или под други повластени услови.
(10) Средствата од ставот (3) на овој член се на товар на Министерството заодбрана.
(11) Средствата остварени со откупот на становите од ставот (1) на овој членсе приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 196-а

(1) Правото на откуп согласно со членот 196 од овој закон, се остварува со објавување на интерен оглас за активниот воен и цивилен персонал кој користи станбена единица со која располага Министерството за одбрана врз основа на акт на надлежен орган.
(2) Писмената изјава и барањето за откуп на стан од членот 196 став (2) од овој закон се поднесуваат до министерот за одбрана или од него овластено лице во рок од 30 дена од денот на објавување на интерниот оглас од ставот (1) на овој член.
(3) Министерот за одбрана донесува решение за откуп на станбената единица од членот 196 став (1) од овој закон, кое претставува основ за склучување на договор за купопродажба.

Член 197

(1) На активниот воен и цивилен персонал кој позитивно се изјаснил со личнопотпишана писмена изјава за решавање на станбеното прашање со купување на стан, Министерството за одбрана ќе овозможи субвенционирање на дел одтрошоците за купување на стан во лична сопственост.
(2) Субвенционирањето на дел од трошоците на ставот (1) на овој член се врши согласно со Програмата.
(3) Станбеното обезбедување со купување на стан во лична сопственост согласно соПрограмата од членот 192 од овој закон, се врши по претходноспроведен интерен оглас од страна на Министерството за одбрана и личнопотпишана писмена изјава од страна на лицата од ставот (1) на овој член.

Член 197-а

(1) Интерниот оглас од членот 197 став (3) од овој закон се објавува наинтернет-страницата на Министерството за одбрана и на огласните табли воГенералштабот, командите и единиците на Армијата.

(2) Рокот за пријавување на интерниот оглас не може да биде пократок одпетнаесет дена од денот на неговото објавување.

Член 197-б

(1) Активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата при купување настан во лична сопственост, плаќа 20% лични средства на име учество одутврдената вредност на станот во преддоговорот за купопродажба, а останатиот дел од градежната вредност утврдена во договорот за купопродажба го плаќа во период до 20 години од денот на склучувањето на договорот за купопродажба, на банката која го одобрила кредитот.
(2) Вредноста на станот по метар квадратен се утврдува врз основа наградежната цена на целиот објект поделена со нето површината на сите станови, корегирана со процент за ориентација, процент за катност и коефициент за балкон.
(3) Плаќањето на камата на преостанатиот износот од утврдената градежнавредност во договорот за купопродажба кој се кредитира, ја субвенционира
Министерството за одбрана.
(4) Активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата можепреостанатиот дел од утврдената вредност во договорот за купопродажба да гоисплати и порано од предвидениот рок за отплата утврден во ставот 1 на овојчлен.

Член 197-в

Субвенционирање на дел од трошоците за купување на стан во личнасопственост од страна на Министерството за одбрана се состои од трошоци за:
- обезбедување на градежно земјиште за изградба на станови согласно соПрограмата,
- комунални трошоци кон единиците на локалната самоуправа,
- изработка на проектна документација за изградба на станови согласно соПрограмата,
- плаќање на камата на преостанатиот износ на градежната вредност утврденаво договорот за купопродажба и
- плаќање на каматата на кредитот до износот на разликата меѓу квадратуратана станот добиен на друг начин под повластени услови, со квадратурата на станотдонајмногу 70 м2, како и на гаражното место или паркинг простор кој се купувасогласно со Програмата.

Член 197-г

(1) Министерството за одбрана субвенционирањето на каматата го врши самово висина на кредитот за стан до 70 м2, како и на гаражното место или паркингпростор, а останатиот дел од каматата го плаќа купувачот на станот.
(2) Министерството за одбрана субвенционирањето на каматата на активниотвоен и цивилен персонал кој го има регулирано станбеното прашање одстанбениот фонд на поранешната ЈНА или од страна на Армијата под повластениуслови, го врши само на делот кој претставува разлика помеѓу квадратурата настанбената единица која ја има купено до квадратурата на станот кој го купувасогласно со Програмата до најмногу 70 м2.
(3) Правото на станбено обезбедување согласно со Програмата, активниот воени цивилен персонал може да го оствари само еднаш за време на вршење наслужба во Армијата.
(4) Правото на станбено обезбедување согласно со Програмата може да гокористи само еден од брачните другари, доколку двајцата се во служба наАрмијата.
(5) При субвенционирање на дел од трошоците за купување на стан, особено сеземаат предвид:
- користење на стан под закуп, надоместок на трошоци за закупнина на стан,
- години на работен стаж во Армијата,
- семејна состојба (број на членови на семејно домаќинство),
- место на службување,

- степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службатаво Армијата, утврден со акт на надлежен орган,
- инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлеженорган,
- доказ за потекло од семејство на загинат бранител на Република Македонија и
- припадност кон една од трите категории:
а. лица кои не поседуваат стан во лична сопственост,
б. лица кои поседуваат стан во лична сопственост, стекнат по пазарни услови и
в. лица кои поседуваат стан во лична сопственост, добиен од поранешниотстанбен фонд на поранешната Југословенска Народна Армија (ЈНА),
Министерството за одбрана и Армијата или под други повластени услови.
(6) Средствата од ставот (1) на овој член се на товар на Министерството заодбрана.

Член 197-д

(1)Постапката за откуп, купување на стан во лична сопственост исубвенционирање ја спроведува Комисијата што ја формира министерот заодбрана.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од седум члена и нивнизаменици од Министерството за одбрана и Армијата, од кои два члена и нивнизаменици се претставници на Репрезентативниот синдикат во Министерството заодбрана.
(3) Административно-техничките работи на Комисијата од ставот (1) на овојчлен, ги врши секретар кој го определува министерот за одбрана.
(4) По разгледувањето на доставената документација, Комисијата од ставот (1)на овој член изготвува предлог-ранг листа на првенство за купување на станволична сопственост.
(5) Предлог-ранг листата од ставот (4) на овој член се објавува на огласнатабла во Министерството за одбрана и на огласните табли во Генералштабот,командите и единиците на Армијата.

Член 197-ѓ

(1) Активниот воен и цивилен персонал кој поднел барање за откуп, купувањена стан во лична сопственост и субвенционирање може да поднесе приговорпротив предлог-ранг листата на првенство за купување на стан во личнасопственост од членот 197-д став (4) од овој закон, во рок од осум дена од денотна објавувањето на истата.
(2) Приговорот од ставот (1) на овој член се поднесува до Комисијата од членот197-д став (1) од овој закон.
(3) Комисијата од членот 197-д став (1) од овој закон во рок од пет работнидена е должна писмено да одговори по приговорот.
(4) По разгледување на приговорите, Комисијата од членот 197-д став (1) одовој закон утврдува Листа на ред на првенство за купување на стан во личнасопственост и истата ја доставува до министерот за одбрана на одобрување.
(5) Листата на ред на првенство за купување на стан во лична сопственост сеобјавува на огласна табла во Министерството за одбрана и на огласните табли во Генералштабот, командите и единиците на Армијата.
(6) Активниот воен и цивилен персонал од предлог-ранг листата од членот 197-д став (4) од овој закон може да поднесе приговор против Листата на редот напрвенство од ставот (5) на овој член во рок од пет работни дена од денот наобјавувањето, до министерот за одбрана.
(7) Министерот за одбрана во рок од пет работни дена од денот наподнесување на приговорот од ставот (6) на овој член, одлучува по истиот.
(8) Одлуката на министерот за одбрана по поднесениот приговор е конечна.

Член 198

(1) Активниот воен и цивилен персонал кој по сопствен избор ќе го решистанбеното обезбедување со купување или откуп на стан во лична сопственост сосубвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана,е должен да остане на служба во Армијата десет години по остварувањето на оваправо.
(2) На активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на кого ќе мупрестане работниот однос по негова вина или на негово барање, му престануваправото на субвенционирање на каматата на преостанатиот неисплатен дел оддолгот кон банката, од денот на престанокот на работниот однос по овој основ.
(3) На професионален војник на кој службата во Армијата му престанува сонавршување на 45 години возраст, му престанува правото на субвенционирање на
каматата на преостанатиот неисплатен дел од долгот кон банката, од денот напрестанокот на работниот однос.

Член 198-а

(1) На активниот воен и цивилен персонал кој по сопствен избор ќе го решистанбеното прашање со купување или откуп на стан во лична сопственост подусловите и на начин утврдени согласно со одредбите од овој закон, му престанува правото на користење на службен стан, правото на надоместок на трошоци за закупнина на стан, правото на надоместок на стварни трошоци за превоз и право на користење на организиран превоз.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доколку по купување на стансогласно со Програмата, активниот воен и цивилен персонал кој по потреба наслужбата е преместен надвор од местото на живеење, има право на надоместок на стварни трошоци за превоз доколку не е обезбеден организиран превоз.

Член 199

(1) Воени претставници на Републиката во странство се одбранбени и воениаташеа и членови на воените мисии во странство претставувани од воен ицивиленперсонал, согласно со актот за систематизација на Министерството заодбрана.
(2) Воените претставници од ставот (1) на овој член имаат дипломатски статус.
(3) Министерот за одбрана може со решение да упати воен старешина илицивилен персонал да врши должност во воени претставништва и воени мисии на Републиката во странство, штабови и во други меѓународни организации имеѓународни воени единици.
(4) Начинот на избор, упатување и враќање на лицата од ставот (3) на овојчлен ги утврдува министерот за одбрана.
(5) Висината на платата, додатоците на платата и другите надоместоци налицата од ставовите (1) и (3) на овој член ги утврдува министерот за одбрана.

Член 200

(1) На воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни илимировни операции надвор од територијата на Републиката, придонесите сепресметуваат и уплатуваат врз основа на платата утврдена на денот наупатувањето.
(2) Воениот и цивилниот персонал од ставот (1) на овој член има право нанадоместок за учество во хуманитарни или мировни опрерации надвор одтериторијата на Републиката.
(3) Висината на надоместоците од ставот (2) на овој член ги утврдуваминистерот за одбрана.

Член 201

(1) За време на учество на воениот и цивилниот персонал во вежбовниактивности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор одтериторијата на Републиката, за нивните семејства се грижи Министерството заодбрана и Армијата.
(2) Начинот на грижата за семејствата од ставот (1) на овој член го утврдуваминистерот за одбрана.

Член 201-а
Воениот и цивилен персонал кој учествува во хуманитарни операции и мировнимисии надвор од територијата на Републиката кои траат шест месеци или подолго,
има право на отсуство во траење од пет дена по враќањето од учеството вохуманитарни операции и мировни мисии.

XVI. ЗДРАВСТВЕНА И ФИЗИЧКА СПОСОБНОСТ НА ВОЕНИОТ ПЕРСОНАЛ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА

Член 203
(1) Посебната здравствена способност за вршење на служба во Армијата на воениот персонал ја утврдува военолекарска комисија формирана од министерот за одбрана.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член дава наод, оцена и мислење за здравствената способност за служба во Армијата, и тоа за:
1) прием на служба;
2) промена на родот, службата и военоевиденциската специјалност;
3) промена на формациското место;
4) ослободување од извршување одредени должности во службата за период до шест месеца;
5) остварување право на ослободување од учество со лични средства прикористење на здравствени услуги по отпуштање од Армијата, под условитеутврдени во членот 22 од овој закон;
6) степенот на повредата и оштетеност на организмот за остварување на правона еднократен паричен надоместок под условите утврдени во членот 190 од овој закон и
7) загубување на здравствената и физичката способност за служба во Армијата.
(3) Начинот на работа на военолекарската комисија од ставот (1) на овој членго утврдува министерот за одбрана.

Член 204
(1) Физичкатата способност за служба во Армијата на воениот персонал јаутврдува комисија формирана од министерот за одбрана.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член ги утврдува резултатите што лицатаги постигнале на проверката на физичката способност при приемот на служба во Армијата и за време на контролните прегледи на физичката подготвеност во текот на службата.
(3) Начинот на работа на комисијата од ставот (1) на овој член го утврдуваминистерот за одбрана.

Член 218
(1) На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос во Министерството за одбрана во следниве случаи:
1) ако ја загуби здравствената и физичката способност заслужба во Армијата и нема општа здравствена способност за работа - со денот на конечноста на решението за утврдување на здравствената и физичката способност;
2) ако му е изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос или губење чин - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос односно губење на чинот;

3) ако приоценувањето двапати едноподруго биде оценет со оценка „еден” за најмалку еден критериум за оценување - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос;
4) ако неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;
5) ако исполни услови за пензија согласно со закон - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос;
6) со истекот на договорот за работа за професионалниот војник, доколку истиот не му се продолжи;
7) ако професионалниот војник го одбие новиот договор за вработување;
8) ако го одбие понуденото вработување кај друг работодавач без огласување со преземање и склучување договор за вработување за вршење работа која одговара на неговата стручна подготовка и
9) по негово барање.
(2) На воен старешина - офицер, односно подофицер му престанува работниот однос, акопоради издржување казна затвор мора да биде отсутен од службата подолго од една година - со денот на стапување на издржување на казната или со правосилна судска пресудаму биде изречена мерка на безбедност во траење подолго од една година и поради тоа мора да биде отсутен од работа, со денот на применувањето на таа мерка.
(3) На професионален војник и на цивилен персонал му престанува работниот однос, ако поради издржување казна затвор мора да биде отсутен од службата подолго од шест месеци - со денот на стапување на издржување на казната, или со правосилна судска пресуда му биде изречена мерка на безбедност во траење подолго од шест месеци и поради тоа мора да биде отсутен од работа, со денот на применувањето на таа мерка.
(4) Жалбата изјавена против решение за престанок на работен однос од ставот (1) точка 4 на овој член не го одложува извршувањето на решението.

Член 219

(1) Во случај на престанок на работниот однос од членот 218 став (1) точка 9 на овој закон, отказниот рок може да изнесува од еден до три месеци од денот наподнесувањето на барањето за што одлучува министерот за одбрана или од него овластено лице.
(2) За време на траење на отказниот рок активниот воен и цивилен персонал има права и обврски од работен однос.

Член 220

(1) На воен старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал работниот однос им престанува по потреба на службата во Армијата кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно поради промени во актот за систематизација на Министерството за одбрана кои предизвикуваат укинување на единицата, командата, штабот или укинување на формациското место, односно трансформација на организационите единици во Министерството за одбрана, а воениот старешина офицер, односно подофицер и цивилен персонал во рок од 60 дена од денот на настанатите промени, нема можност да биде поставен на друго формациско, односно работно место, го одбие понуденото поставување или не ги исполнува условите за унапредување во кариера, согласно со критериумите за унапредување на офицерскиот и подофицерскиот кор.
(2) Во случаите од ставот (1) на овој член на воениот старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал, им се обезбедува стекнување на право на пензија со најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години остварен во Армијата на Република Македонија, без оглед на возраста, доколку не исполнува услови за старосна пензија.

(3) Ако воениот старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал нема најмалку 25 години пензиски стаж остварен во Армијата, Министерството за одбрана им обезбедува вработување кај друг работодавач, државен орган, јавно претпријатие, јавна установа, единица на локалната самоуправа и градот Скопје, фондови, агенции, заводи и други правни лица основани со закон, без огласување на работното место, со преземање и склучување договор за работа, на работно место кое одговара на нивната стручна подготовка, односно квалификација.
(4) Во случај на воениот старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал да не може да им се обезбеди вработување во смисла на ставот (3) на овој член, Министерството за одбрана ги упатува на стручно оспособување за цивилни професии, со право на исплата на еднократен паричен надоместок во висина утврдена со закон.
(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, на воениот старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал, му престанува работниот однос. (6) Средствата за остварување на правата од ставовите (2) и (4) на овој член се обезбедуваат од буџетот на Министерството за одбрана.

Член 221

(1) Висината на пензијата од членот 220 став (2) на овој закон се утврдува во зависност на должината на исполнетиот пензиски стаж, а пензиската основица во висина од 80%, се намалува за 0,5% за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години.
(2) Средствата за исплата на пензијата од ставот (1) на овој член до навршување на годините на живот за остварување на право на старосна пензија според прописите за пензиско и инвалидското осигурување, се обезбедуваат од буџетот на Министерството за одбрана.
(3) Правото на пензија од ставот (1) на овој член се остварува во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 223

(1) Решение за престанок на работниот однос за воениот и цивилниот персонал донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.
(2) Против решенијата од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.